ISSN 1857-5323

University American College - Skopje

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Бр. 61

Скопје, 06.06.2018 година

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Вон. проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 4**

**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на ликовна уметност на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ колеџ Скопје, во скопје – Тони Васиќ

**Стр. 12**

**РЕФЕРАТ**
за избор на два наставника во сите наставно-научни звања, за област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ колеџ Скопје – Владимир Ладински и Љупчо Јованов

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ, ВО СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 16-609/4 од 22.05.2018 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн, одржана на 22.05.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања за област ликовна уметност на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Независен“, на ден 20.04.2018, и во предвидениот рок се пријавија:

1. *Вонреден професор д-р Тони Васиќ*

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот Тони Васиќ д-р на науки по студии на културата, е роден на 26 ноември 1966 година во Скопје. Училиштето за применета уметност во Скопје, оддел графика, го завршува во 1985 година со награда за најдобар ученик на генерацијата 1981/85. Дипломира на Факултетот за ликовни уметности, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје на графичкиот оддел и во насоката Графички дизајн во 1991 година. Магистратура на тема "Знаци покрај патот" (или за трансферот на традицијата и нејзината рефлексија во современата уметност) одбранил на Факултетот за ликовни уметности, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, на одделот за графика во 2002 година.

Во 2016 година ја одбранил докторската дисертација на Универзитет Евро Балкан, Скопје, Институт за општествени и хуманистички истражувања. (наслов на тезата: „(Р)еволуција во уметничкиот пристап. (Одговор на дискурсот уметничко или не. Дали компјутерската графика е уметност или не?)“ Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки по студии од културата.

Член е на Друштвото на ликовни уметници на Македонија од 1991 година. По дипломирањето работи како самостоен ликовен уметник и дизајнер. Студиски престојува во Парис, Франција во 1991, 2004 и во 2011 година.

Вон. проф. д-р Тони Васиќ има повеќегодишно работно искуство и тоа во повеќе области на дизајнот и уметноста каде неговите искуства и способности го профилираат во висока професионална насока. Во областа на образованието своето работно и педагошко искуство го гради од 1995 година почнувајќи како стручен соработник на факултетот за ликовни уметности каде работи се до 2010 година, од каде потоа се вработува на Униерзитетот Американ колеџ како доцент по предметите од областа на уметноста и дизјанот.

Во 2008 година е избран во звањето Доцент, на ФОН Универзитетот по предметите во областа на графичкиот дизајн. Не заснова работен однос на истиот универзитет заради промени во предметната програма и организациони услови во рамките на Факултетот за дизајн и мултимедија. Во периодот од 2008 до 2015 е ангажиран како визитинг

предавач на Интернационалниот универзитет во Ниш, Србија на Факултетот за уметност и дизајн на предмети од областа на графички дизајн и компјутерска графика.

Во академската 2009 и 2010 година, хонорарно е ангажиран како предавач - доцент на Високата школа за новинарство и односи со јавноста на Македонскиот институт за медиуми, по предметот Фотографија, графика и дизајн; кој се изведува со студентите од прва година на студии. За овој ангажман во редовно спроведената евалуација на крајот од академската година ги добива највисоките оценки.

Во 2010 година почнува да работи како Доцент на Универзитетот Американ колеџ Скопје, на факултетот за архитектура и дизајн и изведува настава на предметите од областите на уметноста и дизајнот.

Во 2013 година е избран во звањето Вонреден професор на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ колеџ Скопје и изведува настава на предметите од областите на уметноста и дизајнот, а во 2018 година е избран за шеф на катедрата за дизајн на ФАД.

Од 2010 година кога тој е избран за доцент по група предмети од областа на уметноста и дизајнот на Факултетот за архитектура при Универзитетот Американ колеџ Скопје неговата наставна активност продолжува до денес и тој држи настава по предмети на прв и втор циклус студии на Универзитетот: Визуелно изразување 1, Визуелно изразување 2, Техники на визуелно изразување, Графички дизајн, предмети од насоката ентериер и насоката Визуелни уметности, и предметот Боја, архитектура и дизајн на втор циклус на студии на сите насоки.

Од неговиот ангажман на Факултетот за архитектура и дизајн во 2010 до денес бил ментор на 7 одбранети магистерски трудови; моментално менторира 10 кандидати за магистерски труд. Во периодот 2014 – 2018 членувал во 22 комисии за одбрана на магистерски трудови на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, како и во една комисија на Факултет за деловна економија и организациони науки, и на Факултетот за компјутерска техника и информатика при Универзитетот Американ Колеџ Скопје. Иствремено бил член на 3 рецензентски комисии за избор во звање

Неговите оценки добиени од спроведените евалуации на универзитетот секогаш го имаат највисокиот просек.

Покрај професионалното работење на полето на ликовната уметност, истовремено работи и во областа на графичкиот дизајн. Со постојани професионални ангажмани и во областа на дизајнот и во ликовната уметност Тони Васиќ е активно присутен на сцената како висок професионалец, заштo е наградуван повеќепати.

Својата уметничко творечка активност ја потврдува пред се преку континуирана самостојна излагачка активност (Приредил 13 самостојни изложби), активно учество на многубројни групни изложби: во периодот од 1988 до 2018 – учество на преку 500 групни национални и меѓународни изложби меѓу кои се: Белград, Ниш, Нови Сад, Суботица, Лесковац – Србија; Хавана – Куба; Загреб, Осијек, Ријека, Запрешиќ – Хрватска; Љубљана, Порторож, Марибор – Словенија; Софија, Варна, Велико Трново – Бугарија; Будимпешта – Унгарија; Канагава, Токио – Јапонија; Сеул – Кореја; Вилнус – Литванија; Сараево, Бања Лука – БиХ; Париз, Стразбур, Шамалие – Франција; Франкфурт – Германија; Брисел – Белгија; Краков – Полска; Клуј – Романија; Мастрихт – Холандија. Добитник е на 14 награди и признанија уште од самиот почеток на неговата професионална определба па се до денес. За што потврда се бројните референци кои се дадени во прилог на пристигнатиот материјал. Негови дела се наоѓаат во повеќе приватни и официјални колекции во Македонија, Грција, САД, Франција, Холандија. Во неговиот ликовен израз доминира полето на графиката што ја преставува и областа на која успешно ја одбранил докторската дисертација и од која треба да произлезе книгата „За графичките техники и нивна практична примена“, која е во

завршна фаза.

Во 2017 година од страна уметничкиот совет беше избран за ментор на „10. Меѓународна графичка работилница – школа“ во Богданци –Македонија, која резултираше со особен успех во работата со 14 студенти од регионот и од Европа.

Особениот успех, во методологијата, покажана во образовната дејност на факултет за архитектура и дизајн, вон. проф. д-р Тони Васиќ веќе четири години успешно го применува и со предметот Мултимедија во рекламирање на Факултетот за деловна економија и организациони науки на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, каде со студентите постигнува резултати со особен квалитет работејќи на симулација за реални потреби за маркетиншки цели.

Во 2010 година востановена е годишната изложба на студентите од Факултетот за архитектура и дизајн, која со нејзините осум изданија стана традиционална манифестација на ФАД. Истата се одржува во најзначајните музејско-изложбени простори во градот како што се Музеј на современа уметност, НУ Национална галерија на Македонија - Скопје во Мала станица и во Чифте амам, и во Музејот на град Скопје, Васиќ во сите осум изложби ја има улогата на лидер на тимовите за организирањето на истите. Тука е значајно да се споменат и реализираните изложби: „Кензо Танге и Скопје“ во Музејот на современа уметност во Скопје, каде Васиќ ја имаше улогата на оформување и реализирање на целата поставка; Заедничка изложба со факултетот за архитектура од ГАЗИ Универзитет – Анкара, Турција, во МНТ Скопје; како и реализацијата на проектот „Парк Македонија“ во Анкара - Турција според проект на студентите од ФАД. Лидер е на тимот кој го организира претставувањето на ФАД на манифестацијата „Скопје Креатива“ 2012 – 2017.

Особено е значен, успешно реализираниот заедничкиот проект во 2018 година, за архитектонско артистичка интервенција на локалитетот Скопски Аквадукт за потребите на Здружението на стопанственици на Индустриска зона Визбегово. Студентите на ФАД во рамките на предметот од втор циклус на студии „Боја, архитектура и дизајн“ произведоа проекти со особен квалитет и внимание, а резултираше со севкупно успешно изработени проектни решенија од кои три се наградени од страна на заедницата.

Вон. проф. д-р Васиќ од 2010 година успешно ја води и ја реализира подготвителната настава за новозапишаните студенти на ФАД. Учествува во комисијата за реализација на тестирањата за доделување на стипендии на ФАД. Истовремено Васиќ константно е ангажиран во изработка на идејни и ликовно графички проекти за потребите на Универзитетот Американ Колеџ Скопје. Од 2010 година учествувал на бројни обуки и семинари во организација на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

***Наставно-образовна и стручно-уметничка дејност***

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, ФАД, кандидатот Вон. проф д-р Тони Васиќ, изведува (настава, вежби) на прв и на втор циклус студии на студиската програма Факултетот за Архитектура и дизјан на УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ и прв цилус на студии на Факултетот за деловна економија и организациони науки и на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Учество во настава на Универзитетот Американ Колеџ Скопје од 2010 до 2018 година:

**1. Учество во настава на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ Скопје од 2010 до 2018 година**

Во рамките на Факултетот за Архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ

Скопје учество во изведувањето на наставата на следните предмети:

Прва година - во периодот 2010 -2018

- Визуелно изразување 1,
- Визуелно изразување 2,
- Сликање и пластично обликување,
- Техники на визуелно изразување 1,

Втора година - во периодот 2010 -2018

- Графички дизајн
- Визуелно изразување 3
- Теорија историја на архитектурата, уметност и дизјанот 3

(само областа на ликовна уметност – заедно со проф. Љупчо Јованов) во периодот 2015-2018

Трета година - во периодот 2010 -2014

- Дизајн на урбана опрема

Четврта година – во период 2010-2018 на насоката ентериер и насока Визуелни уметности

- Дизајн 1
- Визуелно изразување1
- Студио визуелно изразување 1
- Студио визуелно изразување 2

Петта година - во периодот 2010 -2018

- Боја, дизајн и архитектура,
- Дизајн 2
- Визуелно изразување 2
- Подготвителна настава од областа Визуелно изразување за студенти од прва година, во периодот 2010 -2018
- Промотивна-подготвителна настава цртање за средношколци во рамките на активностите на Здружението за подобро образование

**2. Учество во настава на Факултетот за деловна економија и организациони науки на Универзитетот Американ Колеџ Скопје од 2014 до 2018 година**

Во рамките на Факултетот за деловна економија и организациони науки на Универзитетот Американ Колеџ Скопје учество во изведувањето на наставата на следните предмети:

- Трета година - во периодот 2013 -2018 во насоката маркетинг
- Мулитмедија во рекламирањето
- Multimedia in Advertising

**3. Учество во комисии и менторства на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје од 2014 до 2018 година**

- Ментор на 7 одбранети магистерски трудови
- Менторира 10 кандидати за магистерски труд

- Во периодот 2014 – 2018 членувал во 22 комисии за одбрана на магистерски трудови на ФАД на УКАС, како и во една комисија на Факултет за деловна економија и организациони науки и на Факултетот за компјутерска техника и информатика при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

- Член на 3 рецензентски комисии за избор во звање

Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Вон. проф. д-р Тони Васиќ има објавено вкупно 3 научни трудови:

1. Ljupco Jovanov, Toni Vasic, Mishko Ralev and Jovancevska Jovanka (2014). Significance of Adolphe Appia in Contemporary Theatrical Space in EU and Macedonia. 9th Annual International Conference on European Integration - THE EUROPE OF TOMORROW: CREATIVE, DIGITAL, INTEGRATED, Skopje, 2014, ISBN 978-608-4607-31-1

2. Toni Vasic, Ilijana Petrovska, Indji Selim (2014). Wine Packaging for the Expectations of New Consumers: A Comparative Case Study of Consumers' Perceptions in Macedonia, Germany and Japan. 9th Annual International Conference on European Integration - THE EUROPE OF TOMORROW: CREATIVE, DIGITAL, INTEGRATED, Skopje, 2014, ISBN 978-608-4607-31-1
3. Ljupcho Jovanov, Toni Vasic, Misko Ralev (2015). City and theater. Attempt to implement the theatrical model of making theater in the structures of the city. SINERGI Project International Scientific Conference INCLUSIVE / EXCLUSIVE CITIES - 19 November, 2015. Skopje, Republic of Macedonia

Последната извршената евалуација за академската 2017/2018 година на наставно-педагошката дејност на Универзитетот, покажува дека д-р Васиќ има позитивна евалуација и тоа:

| Предмет | Визуелно изразување 2 | Графички дизајн | Мултимедиа во рекламирањето | Визуелно изразување |
|---|---|---|---|---|
| Оценка од евалуација | 88% | 76% | 99% | 95% |

***Општествена дејност***

Покрај професионалниот ангажман на вон. проф. д-р Тони Васиќ во наставно образовната дејност, тој се истакнува и во ангажманите на личното и професионало ангажирање и работа во творечката активност, како во ликовниот така и во дизајнерскиот опус, но и со учество во ралични општествени и стручни активности. Учествува како член или претседател на 16 најразлични жири комисии и координативни тела. Од кои можеме да ги посочиме: Претседател на жири комисија при Министерство за Економија во кампањата за дизјан „Сонце на Годината за млад автор"; 2017- Претседател на меѓународната жири комисија на 9. Интернационален Скопје постер фестивал; 2017 – Член на жири комисија на НУ Национална Галерија на Македонија за избор на најдобро архитектонско решение за реконструкција на објектот Мала Станица; 2018 – Претседател на комисијата за ликовна дејност за реализација на годишната програма на Министерството за култура на Р. Македонија.

Како дизајнер Васиќ е автор е на преку 100 заштитни знаци, на неколку монографски изданија, на преку 70 каталози за ликовни изложби, неколку монографски изданија,

ликовно графичко уредување на книги и корици за книги, плакати, рекламно-пропагандни и ревијални материјали и изданија, амбалажа, мултимедијални проекти. Во новинското издаваштво се јавува како автор на визулен идентитет и комплетен дизјан повеќе весници и магазини.

Во последниот период се бави со специфичен пристап на севкупно брендирање и реализација на различни проекти кои опфаќаат поширок пристап на обликување и комплетно брендирање од графички, ентериерен и мултимедијален аспект. Ги издвојуваме решенијата: „КОМУНИКАЦИЈА+АРХИТЕКТУРА ДИЗАЈН“ - Брендирање на изложба (автор М. Ралев); „Пикасо можеби јас“ – Брендирање на изложба (автор Ф. Фидановски); Проект „Нeзвисен весник“ – Визуелен идентитет, брендирање на простор и ентериерно уредување (заедно со диа Т. Васиќ), ликовно графичко уредување на издание, дизајн на на веб страница и маркетинг стратегија и промоција; Проект „ТА Атлас Корпорација“ - Визуелен идентитет, брендирање на простор и ентериерно уредување (заедно со диа Т. Васиќ), маркетинг стратегија и промоција.

Во периодот од 2000 - 2004 година ја извршува функцијата Ликовен уредник на неделникот ЗУМ-магазин за чии што потреби го изработува и целокупниот дизајн. Автор е на преку 400 ликовни решенија на корици за неделниците Зум-магазин, Старт, Капитал, Епоха, Интервју во кои ја извршувал и функцијата ликовен уредник. Во периодот од 2017 и актеулно ја извршува функцијата ликовен уредник на дневниот весник и портал НЕЗАВИСЕН весник.

Се јавува и како автор на неколку ликовно-сценографски решенија за различни манифестации, конгреси, саемски поставки, фестивали, рекламно-пропагандни кампањи, кампањи за политички избори.

Од приложените материјали, може да се согледа дека стручниот и ликовниот дизјанерски опус на д-р Тони Васиќ е обемен и се одликува со несомнен квалитет, кој произлегува од неговите творечки потенцијали. Проектите во кои тој најчесто се појавува како самостоен автор или како дел од тим, го покриваат целокупното творештво – ликовна уметност, дизајн, и енетриерен контекст во поедини случаи или како идеална комбинација од повеќе аспекти. Сите проекти се карактеризираат со јасно дефиниран изразен стил и концепт, што недвосмислено зборува за една веќе препознатлива професионална личност.

Неговата дејност во ликовните уметности и дизајнот и признанијата со кои е именуван, претставува одлична основа за развивање на едукативниот процес на предметите во кои е вклучен вонреден професор Тони Васиќ, од самиот почеток на неговата работа. Неговото искуство од повеќе од дваесет години на полето на едукацијата е од големо значење за развојот на факултетот за архитектура и дизајн и неговото етаблирање на мапата на високообразовните институции во Македонија.

Големиот опус на реализирани решенија и проекти и учества на изложби како и вон универзитетски активности укажуваат на активноста на кандидатот во доменот на неговиот професионален интерес во периодот 2010-2018 година, откако станува член на академската зедница на Универзитетот Американ Колеџ Скопје. Во наведените творечки активности, кандидатот Тони Васиќ, покажува вонсериски професионално ниво на однесување и организација и професионални способности кое особено важи за претходно наведените проекти, каде се работи за специфични решенија со покомплексни аспекти. Имајќи го предвид наведеното, сметаме дека истото го претставува кандидатот како високо профилирана, искусна и стручна личност во својата област.

Во својот ликовен опус Васиќ најчесто се базира на претходно реализирани анализи и истражувања кои потоа како сублимат ни ги нуди во едно ново рувo на рафиниран и мунициозен ликовен израз. Во неговите графики, поимите време и простор тој ни ги

нуди како загатка низ испреплетените форми и структури на замаглените симболи на минатото, ракописи, записи, калиграфии и симболи. Методолошки применува два вида на апстракција аналитичка и воопштена, и врз основа на истите постигнува синтеза на формите кои се главна одлика на неговото творештво во графиката. Таа синтеза има големо влијание за уметноста на балканскиот простор со цврста инспиративна основа и со голема асоцијативна моќ. Како фокус на последните изложби на кои Васиќ са јавува како автор на концепти, тој ни нуди една комбинација од цртежи со туш и перо и објекти кои ги создава од материјали од природата, но со нова артикулирана содржина. Со овие дела кандидатот ги сублимира сите свои искуства од сите полиња на неговиот интерес, со акцент не само на формалната појавност туку како јасно артикулиран став. Низ овие специфични реализации, се провлекува нагласениот интерес за продлабочено проучување на различни методолошки и истражувачки контексти. Цртежите се компонирани студии на јасни трансформации со прецизна, муниционзна обработка. Скриените архетипски симболи кои се провлекуваат низ делата ни ја презентират загатката на глобалниот свет на природата.

Таа вештина на примена на цртежот како архетип во ликовниот израз и аналитичкиот пристап во секој аспект на визуелното творештво, кандидатот вон. проф. д-р Тони Васиќ, јасно и доследно инсистира да се применува, во предметите за кои е ангажиран на факултетот. На предметите од визуелно изразување, инсистирањето на аналитички пристап и студиозност е од есенцијално значење во формирањето на архитектонскиот индвидуален израз кај секој студент. Инсистирањето на Васиќ да се стимулира креативниот процес кај студентите, на слободата на изразување и јакнењето на креативниот настап пак јасно се одликува во предметите кои следат во завршните години.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Тони Васиќ. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека вон. проф. д-р Тони Васиќ искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Тони Васиќ поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во областа ликовни уметности.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн и Универзитетскиот Сенат на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, д-р Тони Васиќ, да биде избран во звањето *редовен професор* во научната област ликовна уметност.

Скопје,
06.06.2018

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Викторија Еремеева, Факултет за архитектура и дизајн, претседател

Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. м-р Ибрахим Беди, Факултетот за ликовни уметности, член

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Проф. д-р Мишко Ралев, Факултет за архитектура и дизајн, член

Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА ДВА НАСТАВНИКА ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА, ЗА ОБЛАСТ АРХИТЕКТУРА, УРБАНИЗАМ И ПЛАНИРАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 16-609/3 од 22.05.2018 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн, одржана на 22.05.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања за област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Независен“, на ден 20.04.2018, и во предвидениот рок се пријавија:

1. *Вонреден професор д-р. Владимир Ладински, дипл.инж.арх.*
2. *Доц. д-р Љупчо Јованов, дипл.инж.арх.*

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Вонреден професор д-р. Владимир Ладински, дипл.инж.арх.

***Биографски податоци***

Кандидатот, вон. проф. д-р. Владимир Ладински е роден на 01.05.1956 година во Скопје каде го завршува основното и средното образование со одличен успех. Тој го продолжува своето образование на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје каде и дипломира на 11.06.1980 година со успешна одбрана на дипломскиот труд на тема „Аудио-визулен маркет во Скопје“ под менторство на проф. Славко Брезовски, дипл.инж.арх. Со ова тој ги завршил студиите од втор степен и се стекнал со стручниот назив „Дипломиран инженер архитект“. За време на студиите тој го постигнал следниот успех: 8,52 средна оценка за испитите од припремниот дел, 8,77 средна оценка за испитите од стручниот дел, и 10,00 средна оценка за дипломската работа.

Во желба да ги прошири своите позанавања во доменот на урбанистичкото и просторното планирање, кандидатот, в. проф. д-р. Владимир Ладински прво се запишал на Интердисциплинарните постдипломски студии по просторно и урбанистичко планирање на Одделот за градежништво и геодезија при Факултетот за архитектура, градежништво и геодезија на Универзитетот во Љубљана, за потоа да ги продолжи и заврши истите на Англија Политехничкиот Универзитет (сега, Англија Раскин Универзитет) во Кембриџ, Велика Британија, каде магистрирал во јули 1994 година со темата „Станбената реконструкција по Скопскиот земјотрес од 1963 година“ под менторство на вишиот доцент Лаз Ердел-Јан, дипл.инж.арх. Со ова тој се стекнал во Велика Британија со звањето „Магистер на науки по урбанистичко и просторно планирање“, а коишто ги завршил со, највисоката оценка – „се истакнува“. Со одлука на Наставно-научниот совет при Природно-математичкиот факултет во Скопје од 11.05.1995 година магистерскиот труд на кандидатот е нострифициран во Република

Македонија како „Магистер по географски науки – насока просторно планирање“.

Во академската 1989-1990 година кандидатот в.проф. д-р. Владимир Ладински обавил студиски престој во Групата за заштита од земјотреси под раководство на проф. д-р. Робин Спенс при Мартиновиот центар за архитектонски и урабнистички студии при Одделот за архитектура на Универзитетот во Кембриџ, Велика Британија, каде истражувал во доменот на реконструкции по земјотреси со особен акцент на реконструкцијата по Скопскиот земјотрес од 1963 година. Резултатите од овие истражувања биле вклучени во рамките на неговиот магистерски труд, а потоа и во неговиот докторат.

По завршувањето и нострификацијата на своите магистерски студии, кандидатот в. проф. д-р. Владимир Ладински ја отпочнал изработката на својот докторат на тема „Урбанистичко-архитектонски аспекти на техничките принципи за одржлива и безбедна изградба во сеизмички активни региони“, под менторство на проф. д-р. Зоран Милутиновиќ, дипл.град.инж. на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и кој што успешно го одбранил на 18.12.2002 година и се стекнал со титулата „Доктор на технички науки“.

Покрај дипломата, магистратурата и докторатот, кандидатот в.проф. д-р. Владимир Ладински во изминатиот период дополнително се образувал и стекнал и со други квалификации во земјата и странство меѓу кои се вклучуваат и:

- Уверенијата за проектирање и стручен надзор во доменот на високоградбата издадени од Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво во 1984 година по обавената задолжителна пракса во струката и евалуација на истата во Република Македонија,
- Стекнатото звање „Регистриран архитект“ во Обединетото Кралство кај Советот за регистрација на архитектите на Обединетото Кралство (сега Совет за регистрација на архитекти) по успешно обавената нострификација на дипломата од Архитектонскиот факултет во Скопје, обавена задолжителна пракса во струката во Обединетото Кралство и успешно положениот испит за Професионална пракса и менаџмент во архитектурата при Одделот за архитектура на Универзитетот во Кембриџ, Велика Британија, во 1995 година,
- Сертификатот за настава во секторот за доживотно образование од Сити и Гилд Институтот од Лондон по завршено пропишано образовани и задолжителна пракса во 2010 година,
- Дипломата (Baccalaureus) на уметности по лидерство и менаџмент од Тисајд универзитетот во Велика Британија во 2013 година,
- Стекнатото звање „Овластен менаџер“ по завршеното пропишано образование, пракса и евалуација од страна на Институтот на овластени менаџери во Велика Британија во 2018 година.

***Наставно-образовна и стручно-уметничка дејност***

Наставно-образовната и стручно-уметничката дејност на кандидатот в.проф. д-р. Владимир Ладински опфаќаат период од над 35 години по неговото дипломирање на Архитектонскиот факултет при Универзитетот Св Кирил и Методиј во Скопје. Во овој период кандидатот го фокусирал своето внимание на стручно-уметничката дејност преку долгогодишна пракса во доменот на архитектурата како во Република Македонија така и во Велика Британија.

Тој својата стручна пракса ја отпочнал како дипл.инж.арх.-соработник во Градежното Претпријатие Црвена Ѕвезда во Гостивар, Проектанско биро Скопје каде работел еден месец по договор на дело во 1981 година, за подоцна истата година да се вработи во

Македонијапроект-Скопје како дипл.инж.арх.-соработник, а каде во текот на работењето напредува до звањето дипл.инж.арх.-водечки проектант.

Тој во 1990 година ја продоложува својата стручна пракса во архитектонското биро на Николас Реи Асошиетс (сега НРАП Архитектс) во Кембриџ, Велика Британија, како соработник се до 1993 година, кога преминува на работа по договор на дело за Кембриџ Архитекчурал Рисрч Лимитед и Николас Реи Асошиетс (сега НРАП Архитектс), обете во Кембриџ, за време на своите магистерски студи. Во 1995 година тој повторно се вработува во архитектонското биро на Николас Реи Асошиетс (сега НРАП Архитектс) во Кембриџ, каде по нострификацијa на квалификациите од Република Македонија, положениот стручен испит и регистрацијата како архитект работи како архитект се до неговото заминување во 2001 година. Истата година тој се вработува во јавната Служба за проектирање при Советот на Гејтсхед, Велика Британија, како архитект, каде работи се до 2008 година кога конкурира за работното место Главен архитект и во конкуренција на надворешни и внатрешни кандидати истото и го добива. Од 2008 година тој работи како Главен архитект – раководител на архитектонскиот тим за јавната Служба за проектирање при Советот на Гејтсхед, Велика Британија, која во меѓувреме била преименувана првин во Служба за имоти и проектирање, а потоа во Служба за домување на советот, проектирање и технички услуги.

Во рамките на својата стручно-уметничка дејност кандидатот в. проф, д-р. Владимир Ладински е учесник во над 30 реализирани архитектонски проекти и во над 30 архитектонски проекти или проекти во изградба во земјата и странство како автор, архитект, проектант или соработник. Дел од проектите на којшто работел се наградувани, публикувани во стручни списанија или излагани во рамките на изложби на архитектонски трудови.

Својата наставно-образовна дејност кандидатот в. проф, д-р. Владимир Ладински ја одпочнува од осумдесетите години на минатиот век, и тоа како поканет предавач од страна на Асоцијацијата на архитектите на Македонија, Архитектонскиот Факултет во Скопје, како и предавач на курсеви организирани од страна на Британскиот Совет во Кембриџ и Њукасел, Велика Британија. Кон крајот на минатиот век тој се јавува и како ко-инструктор на Курсот за архитектонско студио за инженери на Одделот за инженерство при Универзитетот во Кембриџ, инструктор на Курсот за Вовед во МиниКАД на Одделот за архитектура при Универзитетот во Кембриџ и ментор за дипломска работа на Одделот за архитектура при Универзитетот во Кембриџ за студент на Џизус колеџот во Кембриџ. Во 2001 година тој учествува во наставата на втора година на Архитектонскиот факултет во Скопје по предметот Основи на проектирање како надворешен член на панелот за оценување на семестралната презентација на студентските проекти и како поканет предавач на Летната школа за архитектура во Манстирот Св. Јоаким Осоговски во Крива Паланка.

Интензитетот на наставно-образовната дејност на кандидатот в. проф, д-р. Владимир Ладински се зголемува од почетокот на овој век, преку одржување на неколку работилници за студентите по архитектура и внатрешна архитектура на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, улогата на надворешен оценувач на постдипломска програма за архитектонска пракса при Школата за архитектура, планирање и пејсажна архитектура на Њукасел универзитетот, Велика Британија, членство во панелот за оценување на студентски проекти по архитектура на Њукасел универзитет и Нортумбриа универзитетот во Њукасел, Велика Британија, гостин предавач на двата универзитети, советник за изработка на докторат по архитектура на Нортумбриа универзитетот во Њукасел, Велика Британија, како и гостин предавач за Северната асоцијација за историја на архитектурата, Асоцијацијата на овластени инженери за зградарство и други.

Кандидатот в.проф. д-р. Владимир Ладински е избран во 2008 година во звањето доцент по грипата предмети од архитектура на Факултетот за архитектура и дизајн при

Универзитот Американ Колеџ Скопје, а од 2013 година во звањето вонреден професор по групата предмети од архитектурата во истата високообразовна организација. Во изминатиот период тој го предава задолжителниот предмет за студентите од петта година, „Одржливо проектиеање“ и се јавува како ментор на повеќе успешно одбранети магистерски трудови од оваа област на универзитетот. Тој исто така една академска година ја држел наставата по предметот „Архитектонската и урбана ревитализација“ на тогашната насока за Градителско наследство. Покрај раководењето со гореспоменатите работилници на универзитетот тој учествувал и како гостин предавач во рамките на предметите од доменот на Архитектонските конструкии.

Во доменот на научно-истражувачката дејност кандидатот в.проф. д-р. Владимир Ладински покрај изработката на својот магистерски и докторски труд бил вклучен како истражувач во областа на Заштита од земјотреси при Мартиновиот центар за архитектонски и урбани студии во Кембриџ, како соработник во областа на Одржливи станбени објекти за 21-от век во рамките на Интерег 3Б проектот за крајбрежни заедници во Советот на Гејтсхед, како партнер од индстријата на Партнерскиот проект за трансфер на знаења во дометот на процесите во рамките на архитектонското проектирање при Нортубриа Универзитетот во Њукасел и Советот на Гејтсхед, како надворешен консултант за типологијата на објектите во бивша СФРЈ во рамките на 7-та рамка на НЕРА Проектот за инвертаризациски податоци за објектите во Европа и како партнер од индустријата за Проектот за стандардизирано оценување на адаптабилност на објектите при Њукасел универзитетот, Советот на Гејтсхед и Политехниката во Милано.

Резултатите од научно-истражувачката дејност на кандидатот в.проф. д-р. Владимир Ладински се публикувани во над 35 научни и стручни списанија, зборници од конференци, како и во поглавие од книга при што најголемиот број на трудови и поглавието од книгата се објавени во странство, на англиски јазик. Дополнително, кандидатот има објавено и над 260 труда во популарни магазини и списанија за архитектурата, вантрешната архитектура, градежништвото и екологијата во рамките на Република Македонија,

Делувањето на кандидатот в.проф. д-р. Владимир Ладински во рамките на стручно-уметничката, наставно-образовната и научно-истражувачката работа е обемно и го одсликува неговиот долгогодишен (над 35 години) ангажаман во доменот на изградената средина. Кандидатот поседува интердисциплинарно образование и квалификации коишто ја опфаќаат архитектурата, инженерството, урабнистичкото и просторното планирање, како и лидерството и менаџментот реализирано на високообразовни институции во Република Македонија, Словенија и Велика Британија.

Кандидатот в.проф. д-р. Владимир Ладински најголемиот дел од својата професионална кариера го поминал во наградувани проектантски бироа како Македонијапроект-Скопје, Николас Реи Асошиетс, Кембриџ, и Службата за проектирање при Советот на Гејтсхед каде работел како соработник, проектант, архитект и автор. Најголемиот дел од неговиот творечки опус е во рамките на образовни, станбени, деловни и културни објекти вклучително со работа на објекти во зони на заштитено градителско наследство и на заштитени објекти на градителско наследство од Прва, Висока Втора и Втора Категорија во Велика Британија. На почетокот на својата кариера тој се јавува како ко-автор или како соработник на наградени или откупени проекти на архитектонско или архитектонско-урабнистички конкурси во рамките на бивша СФРЈ. Подоцна во својата кариера тој се јавува како соработник или архитект на наградувани реализирани објекти во Велика Британија од кои веројатно најмногу се истакнува неговата работа како архитект на проект на Адаптацијата и доградбата на поранешната црква Св. Марија, репер и заштитен објект на градителското наследство од Прва Категорија, во Гејтсхед, Велика Британија. Овој реализиран објект е добитник на Награда за архитектура за 2009 година на Кралскиот институт на британските архитекти, на единствената Награда Златен ловоров венец за 2009 година на Асоцијацијата на

овластени инженери за зградарство, на Златна награда на архитектура за 2011 година на Северната мрежа на Кралскиот институт на британските архитекти, и на единствената Награда за заштита на објекти од градителското наследтво на Северната мрежа на Кралскиот институт на британските архитекти.

***Стручно-уметничка дејност***

Во изминатите пет години кандидатот в.проф. д-р. Владимир Ладински продолжува да го дава својот придонес во доменот на стручно-уметничкото делување и тоа особено во доменот на образовните, деловните, станбените и културните објекти. Во овој период најмногу се истакнува неговиот придонес во доменот на проектирањето на станбени објекти за подржано живеење за лицата со аутистичен спектар на заболувања, основно училиште за ученици со потешкотии во учењето и учници со аутистички спектар на заболувања, сите во рамките на метрополитанската област Гејтсхед, како и на проектот за Северниот центар за нови технологии „Прото“ во Гејсхед, Велика Британија. Станува збор за нов центар за истражување и развој во доменот на виртуелната реалност кој треба да го подржи постојното истражувачко јадро во оваа област во Североисточна Англија.

Како позначајни реалзиирани објекти и проекти во изминатите пет години се:

<u>Реализирани</u>:

1. **Основно училиште Рејвенсворт Терас Примари, Бртли, Честер ле Стрит, Велика Британија**, 2015-2017 - Ново основно училиште за ученици на возраст од 4 до 11 години, Улога: Раководител на проектантскиот тим одговорен за добивање на урбанистичка согласност за проектот
2. **Доградба на основно училиште Риверсајд Примари Академи, Данстон, Гејтсхед, Велика Британија -** Доградба на основно училиште за ученици на возраст од 3 до 11 години, Улога: Раководител на проектантскиот тим
3. **Доградба на Гибсиде училиште за ученици со пречки во учењето, Викам, Њукастел упон Тајн, Велика Британија -** Доградба на основно училиште за ученици со пречки во учењето на возраст од 3 до 11 години, Улога: Раководител на проектантскиот тим
4. **Адаптација на Балтимор Хаус, Гејстхед, Велика Британија -** Адаптација на комерцијален деловен објект во „инкубатор“ – центар за развиток на мали бизниси во доменот на дигиталните технологи, Улога: Раководител на проектантскиот тим

<u>Проекти и проекти во изградба</u>:

1. **Ново Гибсајд училиште за ученици со пречки во учењето на возраст од 3 до 11 години со безен за хидротерапија, Шипкот, Гејстехед, Велика Британија**, 2017- *(Во фаза на проектирање)*, Улога: Раководител на проектантскиот тим
2. **Нов културен центар посветен на земјата на дабот и железото во Винлатон Мил, Тајн енд Веар, Велика Британија,** 2017- *(Во фаза на изградба)*, Улога: Раководител на тимот за проектирање и Архитект на проектот одговорен за основниот и главниот проект на објектот.
3. **Метаморфозис, Гетјсхед, Велика Британија -** Проект за нов деловен објект во рамките на Балтик деловниот кварт во Гејтсхед, 2016-2017 (*Останува само како проект),* Улога: Раководител на проектастки тим при изработката на концептуално решение за проектот.
4. **Прото - Северен центар за нови технологии, Гејтсхед, Велика Британија, -** Адаптација на посточеки универзитетски објект со нова доградба за сместување на истражувачки и развојни простори за Северо-источниот Центар за виртуелна реалност, 2016- *(Во изградба)*, Улога: Проектант на идејното решение и Раководител на проектански тим за основен и главен проект.

5. **Нов објект на Северениот центар за нови технологии за сместување на истражувачки и развојни простори за Северо-источниот центар за виртуелна реалност, Гејтсхед, Велика Британија**, 2016 *(Останува само како проект),* Улога: Проектант на идејното решение и Раководител на проектански тим за основен проект.
6. **Подржано домување за лица со Аутистчен спектар на состојби на Дервент Вју, Винлатон, Тајн анд Веар, Велика Британија, -** Блок со 4 стана за лица со посебни потреби 2015- *(Во подготовка за изградба)*, Улога: Проектант на идејното решение и Раководител на проектански тим за основен и главен проект.
7. **Подржано домување за лица со Аутистчен спектар на состојби на Рамзи Стрит, Винлатон, Тајн анд Веар, Велика Британија, -** Блок со 8 стана за лица со посебни потреби, 2015- *(Во подготовка за изградба)*, Улога: Проектант на идејното решение и Раководител на проектански тим за основен и главен проект.
8. **Подржано домување за лица со Аутистчен спектар на состојби на Халф Филдс Роад, Винлатон, Тајн анд Веар, Велика Британија, -** Две споени приземни куќи за лица со посебни потреби, 2015- *(Во подготовка за изградба)*, Улога (Own Role): Раководител на проектански тим за основен и главен проект
9. **Анекс на Сејџ Гејтсхед, Гејтсхед, Велика Британија, -** Идејно решение и пријава за кофинансирање за нов конгресен центар, 2011-2013, *(Останува само како проект),* Проектант на идејното решение и Раководител на проектански тим за идеен проект

***Наставно-образовна дејност***

Во доменот на наставно-образовната дејност, кандидатот, вон.проф. д-р. Владимир Ладински континуирно продложува да го дава својот придонес во оваа област како наставник по предметот „Одрживо проектирање“ на петта година на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје и како ментор на магистерски трудови на истата институција. Преку оваа своја работа, тој придонесува општо кон наставно-образовниот процес во доменот на архитектурата и посебно во доменот на „Одржливото проектирање“ со што се подготвуваат идните генерации на архитекти да одговорат на предзивиците на денешницата изразена преку глобалните климатски промени. Неговата наставна-образовна пракса е подкрепена со квалификација од Велика Британија во доменот на настава во секторот за доживотна едукација.

Оваа континуирана активност во доменот на наставно-образовната дејност на кандидатот, в.проф. д-р. Владимир Ладински продложува со несмалено темпо и во изминатите пет години, период во кој го завршува својот четворогодишен циклус како надворешен испитувач на Постдипломските студии за архитектонска паркса на Школата за архитектура, планирање и пејсажна архитектура при Њукасел универзитетот, а и своето учество како советник за докторат по архитектура на Нортумбриа универзитетот во Њукасел, Велика Британија. Тој и во овие последни пет години се јавува како поканет предавач, вклучително и во рамките на Асоцијацијата на овластени инженери заградарство во Велика Британија.

Наставно-образовната дејност на кандидатот продолжува и преку неговото континуирано присаство со свои натписи во популарни стручни списанија во доменот на архитектурата, внатрешната архитектура, градежништвото и екологијата во земјата со над 260 свои прилози, од кои 57 се објавени во последните пет години.

<u>Текстови публикувани во списанието Порта 3: градежништво-архитектура-екологија www.porta3.mk:</u>

1. **Ладински, В.** (2018): **Животот прославува кога ќе се спојат начинот на живеење и архитектурата** (Life Celebrates When Way of Life and Architecture Merge), *Порта3 (Porta 3)*, III, No 266, pp -.
2. **Ладински, В.** (2018): **Rhodec International – жртва на својот успех** (Rhodec International – Victim of Its Own Success), *Порта3 (Porta 3)*, II, No 265, pp 40-42.
3. **Ладински, В.** (2017): **Променадата во Хејстингс – најдобар нов објект во Британија** (Hastings Pier – Best New Building in Britain), *Порта 3 (Porta 3)*, XI, No 262, pp 38-41.
4. **Ладински, В.** (2017): **Три папи и една кралица** (Three Popes and a Queen), *Порта 3 (Porta 3)*, IX, No 260, pp 46-49.
5. **Ладински, В.** (2017): **Архителтурата на седмиот круг на пеколот** (The Architecture of the Seventh Cycle of Hell), *Порта 3 (Porta 3)*, VIII, No 259, pp 30-33.
6. **Ладински, В.** (2017): **Пожарот во Grenfell Tower во Лондон опоменува** (The Grenfell Tower in London Fire Warning), *Порта 3 (Porta 3)*, VII, No 258, pp 42-45.
7. **Ладински, В.** (2017): **Најголемиот пасивен објект во Обединетото Кралство** (The Largest PassivHaus Building in the UK), *Порта 3 (Porta 3)*, VI, No 257, pp 40-44.
8. **Ладински, В.** (2017): **Најсаканиот од сите наградени објекти** (The Best Loved of All Awarded Buildings), *Порта 3 (Porta 3)*, V, No 256, pp 22-25.
9. **Ладински, В.** (2017): **Прицкерова награда за 2017 – Бескомпромисна архитектура на поетско ниво** (2017 Pritzker Prize – Architecture without Compromises at Poetic Level), *Порта 3 (Porta 3)*, III, No 254, pp -.
10. **Ладински, В.** (2017): **Португалија се попосакувана дестинација** (Portugal is Becoming a More Attractive Destination), *Порта 3 (Porta 3)*, II, No 253, pp 52 - 56.
11. **Ладински, В.** (2016): **Објект кој ги надмина очекувањата** (The Building that Surpassed All Expectations), *Порта 3 (Porta 3)*, XI, No 250, pp 38 - 42.
12. **Ладински, В.** (2016): **Објект кој ги надмина очекувањата** (The Building that Surpassed All Expectations), *Порта 3 (Porta 3)*, XI, No 250, pp 38 - 42.
13. **Ладински, В.** (2016): **Потсетување на минатото – водич за иднината** (Remembering the Past – Guidance for the Future), *Порта 3 (Porta 3)*, IX, No 248, pp 30 - 32.
14. **Ладински, В.** (2016): **Орстад – полигон на современата данска архитектура** (Orestad – Experimental Ground for the Contemporary Danish Architecture), *Порта 3 (Porta 3)*, VIII, No 247, pp 36 - 39.
15. **Ладински, В.** (2016): **„Прекрасен, прекрасен, Копенхаген“** (“Wonderful, Wonderful, Copenhagen”), *Порта 3 (Porta 3)*, VII, No 246, pp 48 - 51.
16. **Ладински, В.** (2016): **Одбележување на исклучителната архитектура** (Recognising Remarkable Architecture), *Порта 3 (Porta 3)*, IV, No 243, pp 32 - 35.
17. **Ладински, В.** (2016): **Одбележување на исклучителната архитектура** (Recognising Outstanding Architecture), *Порта 3 (Porta 3)*, IV, No 243, pp 32 - 35.
18. **Ладински, В.** (2016): **Признанието за „Куќа од камен“ на Скене Катлинг де ла Пења** (The Award Goes to the “Flint House” by Skene Catling de la Pena), *Порта 3 (Porta 3)*, I, No 240, pp 34 - 37.
19. **Ладински, В.** (2015): **Кога собата не е соба?** (When the room is not a room?), *Порта 3 (Porta 3)*, XII, No 239, pp 52 - 54.

20. **Ладински, В.** (2015): **Лондонското училиште Брнтвуд –добитник на Стирлинговата награда** (London's Burntwood Academy Winner of the Stirling Prize), *Порта 3 (Porta 3)*, X, No 237, pp 46 - 49.
21. **Ладински, В.** (2015): **Време за промени** (Time for Change), *Порта 3 (Porta 3)*, IX, No 236, pp 64 - 65.
22. **Ладински, В.** (2015): **Од тројна катастрофа до егземпларна обнова** (From Three Catastrophes to Exemplar Reconstruction), *Порта 3 (Porta 3)*, VII, No 234, pp 50 - 52.
23. **Ладински, В.** (2015): **Добриот дизајн може да биде и економичен** (Good Design Can Be Cost Effective Too), *Порта 3 (Porta 3)*, V, No 232, pp 56 - 57.
24. **Ладински, В.** (2015): **Изгради подобра Британија** (Build a Better Britain), *Порта 3 (Porta 3)*, IV, No 231, pp 60 - 61.
25. **Ладински, В.** (2015): **Одебележување на исклучителната архитектура** (Celebrating Exceptional Architecture), *Порта 3 (Porta 3)*, III, No 230, pp 50 - 53.
26. **Ладински, В.** (2015): **Даночна архитектура** (The Architecture of Taxation), *Порта 3 (Porta 3)*, II, No 229, pp 62 - 63.
27. **Ладински, В.** (2015): **Градител на Новиот свет** (The Builder of the New World), *Порта 3 (Porta 3)*, I, No 228, pp 50 - 52.
28. **Ладински, В.** (2014): **Талент без граници** (Talent without Boundaries), *Порта 3 (Porta 3)*, XII, No 227, pp 72 - 74.
29. **Ладински, В.** (2014): **Првата „тридемензионално отпечатена“ куќа во светот** (The First "3D Printed" House in the World), *Порта 3 (Porta 3)*, XI, No 226, pp 48 - 49.
30. **Ладински, В.** (2014): **Нови технички стандарди за домување во Англија?** (The New Housing Standards in England?), *Порта 3 (Porta 3)*, X, No 225, pp 50 - 51.
31. **Ладински, В.** (2014): **Восхитувачки оргинални и објекти за пример** (Inspirationally Original and Exemplar Buildings), *Порта 3 (Porta 3)*, IX, No 224, pp 52 - 53.
32. **Ладински, В.** (2014): **Проекти значајни во еволуцијата на архитектурата и изгардената средина** (Important Projects for the Evolution of Architecture and the Built Environment), *Порта 3 (Porta 3)*, VIII, No 223, pp 44 - 46.
33. **Ладински, В.** (2014): **Архитектура во движење** (Architecture in Motion), *Порта 3 (Porta 3)*, VII, No 222, pp 50 - 51.
34. **Ладински, В.** (2014): **Заштита и регулација на титулата архитект!** (Protection and Regulation of the Title Architect!), *Порта 3 (Porta 3)*, VI, No 221, pp 46 - 47.
35. **Ладински, В.** (2014): **Заштита и регулација на титулата архитект!** (Protection and Regulation of the Title Architect!), *Порта 3 (Porta 3)*, VI, No 221, pp 46 - 47.
36. **Ладински, В.** (2014): **Поголема финансиска сигурност за малите и средните претпријатија** (Better Financial Security for Small and Medium Size Businesses), *Порта 3 (Porta 3)*, V, No 220, pp 50 - 51.
37. **Ладински, В.** (2014): **Проактовно планирање и стручни ревизии на постоечката изградена средина** (Proactive Planning and Professional Reviews of the Existing Built Environment), *Порта 3 (Porta 3)*, IV, No 219, pp 48 - 49.
38. **Ладински, В.** (2014): **Амфибиски куќи за зоните подложни на поплави** (Amphibious Houses for the Flood Prone Areas), *Порта 3 (Porta 3)*, III, No 218, pp 44 - 45.

39. **Ладински, В.** (2014): **Англија и Велс се уште без минимални просторни стандарди за станебинте објекти** (England and Wales Still without Minimum Housing Space Standards), *Порта 3 (Porta 3)*, II, No 217, pp 38 - 39.

40. **Ладински, В.** (2014): **Сто илјади потписи за Среќна Нова „Архитектонска“ Година** (One Hundred Thousand Signatures for Happy New “Architectural” Year), *Порта 3 (Porta 3)*, I, No 216, pp 36 - 37.

41. **Ладински, В.** (2013): **Во потрага по непознатото** (In Search of the Unknown), *Порта 3 (Porta 3)*, XII, No 215, pp 44-45.

42. **Ладински, В.** (2013): **Падот и подемот на високите објекти** (The Fall and Rise of High Rise Buildings), *Порта 3 (Porta 3)*, XI, No 214, pp 44-45.

43. **Ладински, В.** (2013): **Палата на луѓето** (The Peoples’ Palace), *Порта 3 (Porta 3)*, X, No 213, pp 46-49.

44. **Ладински, В.** (2013): **Двојна полза од забрзаното демографско стареење** (Double Benefit from the Accelerated Demographic Ageing), *Порта 3 (Porta 3)*, IX, No 212, pp 44-46.

45. **Ладински, В.** (2013): **Новиот клинички центар „Мајка Тереза“ – можности и предизвици** (The New University Hospital “Mother Theresa” – Opportunities and Challenges), *Порта 3 (Porta 3)*, VIII, No 211, pp 38-41.

46. **Ладински, В.** (2013): **Скопје, 26 јули, петок, 5.17 часот...** (Skopje, 26$^{th}$ July, Friday, 5.17 am…), *Порта 3 (Porta 3)*, VII, No 210, pp 6-13.

47. **Ладински, В.** (2013): **Проектирање и изградба во осум чекори** (Design and Construction in Eight Steps), *Порта 3 (Porta 3)*, VI, No 209, pp 52-53.

48. **Ладински, В.** (2013): **Проектирање според потребите на лицата со деменција** (Design to Meet the Needs of People with Dementia), *Порта 3 (Porta 3)*, 31.V, No 208, pp 43-45.

49. **Ладински, В.** (2013): **На свој ризик!** (At Your Own Risk!), *Порта 3 (Porta 3)*, 17.V, No 207, pp 42-43.

50. **Ладински, В.** (2013): **Една од најомразените професии од јавноста** (One of the Most Hated Professions by the Public), *Порта 3 (Porta 3)*, 03.V, No 206, pp 44-45.

51. **Ладински, В.** (2013): **Страеењето – двигател на градежната индустрија и економскиот развој!** (Ageing – Engine for the Construction Industry and the Economic Development!), *Порта 3 (Porta 3)*, 19.IV, No 205, pp 48-49.

52. **Ладински, В.** (2013): **Придонес за политика на владата во областа на архитектурата** (Contribution towards Government Policy in the Field of Architecture), *Порта 3 (Porta 3)*, 05.IV, No 204, pp 42-43.

53. **Ладински, В.** (2013): **Пионер во примената на современите материјали во внатрешното уредување** (A Pioneer in the Use of Modern Materials in the Interior Decoration), *Порта 3 (Porta 3)*, 22.III, No 203, pp 50-51.

54. **Ладински, В.** (2013): **Збогување со олимписката арена за кошарка** (A Farewell to the Olympic Basketball Arena), *Порта 3 (Porta 3)*, 08.III, No 202, pp 52-53.

55. **Ладински, В.** (2013): **Урбаните лисици се поголема опасност** (The Increasing Danger of Urban Foxes), *Порта 3 (Porta 3)*, 22.II, No 201, pp 54-55.

56. **Ладински, В.** (2013): **Данок на спална соба** (Bedroom Tax), *Порта 3 (Porta 3)*, 08.II, No 200, pp 52-53.

57. **Ладински, В.** (2013): **Архитектурата веќе не е професија?** (Architecture Is No Longer Profession), *Порта 3 (Porta 3)*, 25.I, No 199, pp 46-47.

Текстови публикувани само на интернет:

1. **Ladinski V** (2018): **A Remarkable History of Architecture and Professional Practice in Macedonia**. Design Research Society (DRS), April 4, (https://www.designresearchsociety.org/articles/a-remarkable-history-of-architecture-and-professional-practice-in-macedonia).
2. **Ладински В** (2016): **Како да го заштитите својот дом во сезимички активни региони** (How to Protect Your Home in Seismic Active Regions), Порта 3, 01.XI, https://www.porta3.mk/kako-da-go-zashtite-svojot-dom-vo-seizmichki-aktivni-regioni/

**Научно-истражувачка дејност**

Кандидатот в. проф. д-р. Владимир Ладински континуирано продолжува да делува и во доменот на научно-истражувачка работа и тоа особено во областа на Скопскиот земјотрес од 1963 година, реконструкцијата која следуваше, и општо во подрачјето на заштита од земјотреси. Паралелно тој истражува и во други полиња во доменот на архитектурата, како на пример одрживото домување за 21-от век, процесите во доменот на архитектонското проектирање, адаптабилноста на објектите, како и предизвиците за архитектурата коишто произлегуваат од демографските промени на глобално ниво искажани преку стареењето на населението и зголемната стапка на деменции како и „епидемијата" на зголемената телесна тежина.

Последните неколку теми се подрачјата коишто го преокупираат истражувачкиот интерес на кандидатот в. проф. д-р. Владимир Ладински, којшто во изминатите пет години има објавено седум трудови на овие теми. Така, четири од овие трудови се објавени во журнали индексирани во Скопус и рангирани во СЦИмаго, а два од кои се индексирани во Индексот за цитирање на нови извори на Кларивате аналитикс (Веб оф сајенс). Другите три труда се објавени во зборници на трудови од меѓународни конференции.

Публикувани трудови во научни и стручни списанија:

1. **Ladinski, V.** (2017): **Designing for Adaptability: Gateshead Civic Centre**, *International Journal of Building Pathology and Adaptation*, Vol 35, No 4, pp 380-396.
2. **Ladinski, V.** (2017): **Fit for the Future: Built Environment for the Obese Generations**, *Building Engineer*, September, Vol 92, No 9, pp 32-34.
3. Giddings, B. and **Ladinski, V.** (2016) Implementation of a Local Authority workspace strategy, *Facilities*, Vol 34, No 3/4, pp 196-218.
4. **Ladinski, V. (2016**), The Emerging Needs for an Age and Dementia Friendly Urban Environment, *Building Engineer*, February, Vol 91, No 2, pp 24-25.
5. Serginson, M., Giddings, B., Messers, S. and **Ladinski, V.**, (2013): **Assessing the Effectiveness of Architectural Design Communication through Public Participation**. *The International Journal of Design Management and Professional Practice*. Vol 6, No 1, pp 61-84.
6. **Ladinski, V.** (2013): **Key drivers and priorities for public sector projects**. *SCALAnews*, Autumn, pp 25-26.
7. **Ладински, В.** (2013): **Британски идеи за планирање на градовите во 21-виот век** (British Ideas for Town Planning in the 21st Century). *ПресИнг* (*PresIng)*, Vol III, No 18, pp 44-47.
8. **Ладински, В.** (2013): **Building Information Modelling (BIM): Императив на британската влада во доменот на градежништвото** (Building Information Modelling (BIM): The British Government Imperative for the Construction Industry). *ПресИнг* (*PresIng)*, Vol III, No 17, pp 29-33.
9. **Ладински, В.** (2013): **Сеќавања на минатото и поуки за иднината: Педесет години по Скопскиот земјотрес од 26.07.1963 година** (Remembering the Past and

Lessons for the Future: Fifty Years After the Skopje Earthquake of 26.07.1963). *ПресИнг* (*PresIng)*, Vol III, No 15, pp 39-45.

10. **Ладински, В.** (2013): **Децентрализација на производството на енергија во Обединетото Кралство** (Decentralisation of Energy Production in the UK). *ПресИнг* (*PresIng)*, Vol III, No 14, pp 26-29.

Публикувани трудови во зборници на конференции:

1. **Ladinski, V.** (2018): **Immediate Housing Construction Following the 1963 Skopje Earthquake**, in Campbell, J.W.P., Baker, N., Boyington, A., Driver, M., Heaton, M., Pan, Y., Schoenenfeldt, H., Tutton, M. and Yeomans, D., (Eds.): Studies in the History of Services and Construction: The Proceedings of the Fifth Conference of the Construction History Society, Queens' College, Cambridge, 6-8 April, Construction History Society (CHS): Cambridge, pp. 487-497.
2. **Ladinski, V.** (2017): **Residential Construction Following the 1963 Skopje Earthquake**, in Campbell, J.W.P., Baker, N., Driver, M., Heaton, M., Pan, Y., Roseman, T., Yeomans, D., (Eds.): Building Histories: The Proceedings of the Forth Conference of the Construction History Society, Queens' College, Cambridge, 7-9 April, Construction History Society (CHS): Cambridge, pp. 435-446.
3. **Ladinski, V.B.** and Mukaetova-Ladinska, E. (2016): **Silver Cities of To-Morrow: Integration of People with Dementia in the Built Environment – the UK Approach**, in Marina, O. and. Armando, A. (Eds.): Inclusive / Exclusive Cities, Book of Proceedings from SINERGI Project International Scientific Conference, City of Skopje.
4. **Ladinski, V.B.** and Milutinovic, Z. (2013): **Fifty Years of Earthquake Protection through Urban Planning and Design** (Abstract), SE50-EEE, International Conference on Earthquake Engineering, Skopje.

Учество во научно истражувачки проекти:

1. **Стандандизирано оценување на адаптибилност на објекти** (2016) - Њукастел Универзитет, Советот на Гејтсхед и Политехниката во Милано, Улога: Истражувач од индустрија.
2. **7-ма Рамка на HEPA Проектот за инвентризациски подаци за објектите во Европа** (2013-2014), Улога: Надворешен консултант за типологијата на објектите во поранешна Југославија.

Врз основа на изнесеното може да се види дека како и во изминатите 35 години така и во последните пет години кандидатот в.проф. д-р. Владимир Ладински го дава својот полн придонес во трите подрачја на делување: стручно-уметничкото, наставно-образовното и научно истражувачкото.

Согласно 360 евалуација на Универзитетот Американ колеџ Скопје за академската 2014/2015 година, просечниот резултат за наставно-педагошката дејност на д-р Ладински по предметот „Одржливо проектирање„ од спроведената студентска евалуација изнесува 89,09%.

***Општествена дејност***

Во изминатиот период од над 35 години на делување во доменот на архитектурата и изградената средина, кандидатот вон. проф. д-р. Владимир Ладински континуирано се ангажирал да ја промовира архитектурата како општествено полезна дејност не само во рамките на професијата туку и пошироко, и преку тоа да се залага за континуирано подобрување на професионализмот во струката и квалитетот на реализираната архитектура. Во оваа насока особено се истакнуваат неговите усилби со свои предавања, во поголемиот дел достапни и на пошироката јавност, организирани од страна на Асоцијацијата на архитекти на Македонија и Архитектонскиот Факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и Факултетот за архитетура и дизајн при

Универзитетот Американ Колеџ Скопје да ја запознае и стручната и пошироката јавност со карактеристиките на професионалната пракса и дел од достигнувањата во доменот на архитектурата надвор од границите на Република Македонија. За овој свој придонес тој е добитник на Благодарница за долгогодишна соработка и придонес кон развојот на Архитектонскиот Факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје во 2000 година.

Оваа своја активност насочена кон промовирање на архитектонската пракса и достигнувањата во доменот на архитектурата надвор од земјата тој ја продолжува и понатаму со своите настапи, но истовремено ја користи можноста да го зголеми опсегот на публика преку своите текстови коишто се објавуваат во пошироко достапните списанија во доменот на архитектурата, внатрешната архитектура, градежништвото и екологијата како што се „Мој Дом“, „Куќа“ и особено „Порта 3“ за кое има изготвено над 250 прилози во изминатиот период, придонес кој резултирал во Благодарница за придонесот кон развојот на „Порта 3“ по повод 10-ет годишниот јубилеј на списанието во 2015 година. Развојот на дигиталните технологии овозможил голем број од овие текстови да се достапни директно преку веб страниците на списанието, или пак преку линкови од други веб портали во земјата на читателите од земјата и надвор од неа.

Гледано од друг аспект, кандидатот в.проф. д-р. Владимир Ладински, исто така има придонесено за промовирање на Република Македонија и на архитектонските достигнувања надвор од земјата преку своите излагања и публикации помеѓу коишто особено се истакнуваат оние посветени на катастрофалниот земјотрес во Скопје од 26.07.1963 година и обновата која следувала. Како современик на земјотресот тој континуирано го истражува ова подрачје и се обидува да ги евидентира и анализира клучните аспекти сврзани со оваа катсатрофа и последователната реконструкција не само за да се запознаат со овие искуства сегашните и идните генерцаии во земјата, туку и пошироко, а преку што прави обид да ја зголеми свеста за потребата за заштита од последиците на земјотреси.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на погоре изнесеното може да се види дека во изминатите 35 години кандидатот вон.проф. д-р. Владимир Ладински дал значаен придонес во трите подрачја на делување: стручно-уметничкото, наставно-образовното и научно истражувачкото. Ова било поткрепено со неговото интердисциплинарно образование е квалификации коишто ја покриваат архитектурата, инжеретвото, урбанистичкото и просторното планирање, и лидерството и менаџментот стекнати во Република Македонија, Словенија и Велика Британија.

Во доменот на стручно-уметничката дејност тој бил вклучен или ја водел изработката на над 30 реализирани објекти и над 30 проекти или проекти во реализација во Република Македонија и Велика Британија. Дел од проектите резултирале во награди и откупи на архитектонски и урбанистичко-архитектонски конкурси во бивша СФРЈ, а дел од реализираните проекти во Велика Британија биле предмет на публикации во стручни списанија и архитектонски награди. При ова само за проектот за адаптација и доградба на поранешната црква Св. Марија во центар за културно наследство во Гејтсхед, Велика Британија, а во кој кандидатот в. проф. д-р. Владимир Ладински бил архитект на проектот, е добитник на четири престижни награди од кој три на Кралскиот институт на британските архитекти и една на Асоцијацијата на овластени инженери за високоградба. Овие постигнувања укажуваат на надворешна стручна валоризација на стручно-уметничкото делување на кандидатот и тоа надвор од границите на Република Македонија.

Во доменот на наставно-образовната дејност кандидатот вон. проф. д-р. Владимир

Ладински учествувал во наставниот процес во изминатите десет години, првин како доцент, а потоа и како вонреден професор на групата предмети по архитектура на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзотетот Американ Колеџ Скопје. Во овој период тој континуирано ја води наставата по задолжителниот предмет „Одржливо проектирање“ на петта година, а во изминатиот период водел настава една академска година и по предметот „Архитеонска и урбана ревитализација“ на насоката Градителско наследство, како и работилници за додопломските студенти. Покрај ова тој учествувал и како гостин предавач во рамките на наставата по проектирање и архитектонски конструкции, а и бил менотор на повеќе успешно добранети магистерски трудово. Наставно-образовната дејност на кандидатот в. проф. д-р. Владимир Ладински во рамките на Универзитет Американ Колеџ Скопје е најинтензивниот сегмент во доменот на наставно-образовната дејност која исто така опфаќа четворогдишен ангажман како надворешен испитувач на Њукастел универзитет, менторство на дипломски труд на Универзитетот во Кембриџ, улога на советник за докторат на Нортумбриа универзитетот во Њуакстел, инструктот и коинструктор на картки курсеви на Универзитетот во Кембриџ и други наствано-образовни активости во Република Македонија и Велика Британија во текот на изминатите над 35 години.

Најголемиот удел на кандидатот вон. проф. д-р. Владимир Ладински во доменот на научно-итражувачката дејност е реализиран во рамките на Велика Британија каде учествувал како соработник или истражувач од индустрија на неколку проекти во изминатиот период којшто резултирале во над 35 трудови публикувани во научни и стручни списанија, зборници од трудови од конференции воглавно надвор од земјата, како и на едено поглавие во книга. Во последните пет години тој објавил седум труда од кои четири се објавени во журнали индексирани во Скопус и рангирани во СЦИмаго, а два од кои се индексирани во Индексот за цитирање на нови извори на Кларивате аналитикс (Веб оф сајенс). Другите три труда се објавени во зборници на трудови од меѓународни конференции. Во најголемиот број на публикувани трудови тој се јавува како единствен автор,

Во изминатиот период од над 35 години на делување во доменот на архитектурата и изградената средина, кандидатот вон. проф. д-р. Владимир Ладински континуирано се ангажирал да ја промовира архитектурата како општествено полезна дејност не само во рамките на професијата туку и пошироко, и преку тоа да се залага за континуирано подобрување на професионализмот во струката и квалитетот на реализираната архитектура во рамките на Република Македонија. Оваа определба тој ја реализирал не само преку повиканите презентации организирани од стана на струковите и високообразовните организации во земјата, туку и преку своите текстови коишто се објавуваат во пошироко достапните и популарните списанија во доменот на изгардената средина како што се „Мој Дом“, „Куќа“ и особено „Порта 3“ за кое има изготвено над 260 прилози во изминатиот период, а од кој над 55 се објавени од 2013 година до сега. Дополнително, преку своето професионално делување во Велика Британија тој исто така има придонесено за промовирање на Република Македонија и на архитектонските достигнувања надвор од земјата преку своите излагања и публикации помеѓу коишто особено се истакнуваат оние посветени на катастрофалниот земјотрес во Скопје од 26.07.1963 година и обновата која следувала.

Врз основа на претхоно изнесеното, а согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и наставно-стручни звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје и Законот за високо образование, чест ни е да му предложиме на Наставно научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн и Универзитетскиот сенат да го избере кандидатот вон. проф. д-р. Владимир Ладински звањето *редовен професор* за обласа архитектура, урбанизам и планирање.

**2. Доц. д-р Љупчо Јованов, дипл.инж.арх.**

***Биографски податоци***

Доц. д-р Љупчо Јованов, е доцент на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје од 2013 година, каде учествува во изведувањето на наставата на проектантските предметите од областа на внатрешна архитектура и дизајн. Основно и гимназиско образование завршил во Скопје, Р. Македонија. Дипломирал 1999 година на Архитектонскиот факултет во Скопје при УКИМ, магистрирал 2003 година на Факултетот за драмски уметности во Скопје при УАКС со тема „Сценографијата како визуелна уметност детерминирана во просторот и времето" под менторство на Проф. д-р Јелена Лужина. Овој магистерски труд во 2004 е публикуван под наслов „Сценографија на архитектонскиот простор" од страна на Факултетот за драмски уметности - Скопје. Докторирал 2013 година Универзитетот Евро-Балкан - Скопје на Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје со докторската теза: „Пресекот на архитектонскиот театарски простор во око(то) на гледачот" под менторство на Проф. д-р Кокан Грчев. Со долго искуство како архитект и сценограф работи на голем број проекти и истражувања во Македонија. Доц. д-р Љупчо Јованов уште за време на студиите па сè до днес работи како сценограф на низа театарски и филмски проекти во Македонија. Во 2004 година станува Раководител во Агенцијата за заштита на авторски права, Аргил - Евробалкан, Скопје. Во 2005 е назначен од Градоначалникот на Град Скопје за Генерален директор на ЈП Градски паркинг - Скопје каде останува на тоа место се до завршување на неговиот мандат во 2009 година. За време на овој период го осовременува и опремува ЈП со нови специјални возила „пајак", отвара и опремува ново депо за пајак службата, отвара и опремува низа паркиралишта на територија на Град Скопје како и го воведува „зонското паркирање" на територија на град Скопје. Од претпријатие во 2005 година со 1 вработен во 2009 ЈП Градски паркинг станува респектибилно претпријатие со 120 вработени. Од 2009 до 2013 работи како Асистент по група предмети од областа на внатрешна архитектура и дизајн на Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС. Од 2013 до денес работи како доцент по група предмети од областа на внатрешната архитектура и дизај на Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС. Покрај архитектура и сценографија Јованов се занимава и со графички дизајн при што има изработено низа театарски плакати и програми, корици на книги како и графичко уредување на неколку книги. Покрај ова Јованов се занимава и со литературна дејност, има објавено еден стрип, две новели како и еден драмски текст. за кој од Министерство за култура во 2015 има добиено откупна награда за најдобар драмски текст. Од 1997 па се до денес редовно и успешно изработува современи сценографски решенија за низа филмски и театарски проекти во Македонија. Доц. д-р Љупчо Јованов во 2015 година е Добитник на престижната награда „Конкурс откуп на најдобар драмски текст" со драмскиот текст Хенгинг Араунд. Во 2018 од страна на издавачката куќа Ксениа Метела на српски јазик е објавена неговата книга раскази „Тотемски жртви".

***Наставно-образовна и стручно-уметничка дејност***

Во октомври 2013 избран за Доцент по група предмети од областа на внатрешна архитектрура и дизајн на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје.

Во рамките на Факултетот за Архитектура и дизјан на УАКС учество во изведувањето на наставата на следните предмети:
- **Прва година** – Нацртна геометрија, Перспектива.

- **Втора година** – Материјализација на архитектонскиот простор, Теорија и историја на архитектурата, уметноста и дизајнот 3, Графички дизајн.
- **Трета година** – Дизајн на урбана опрема.
- **Четврта година** – Архитектура на сценскиот простор, Архитектонско проектирање 2 - Објекти од културата.

- Во 2013 година одржал предавање на тема City as Theatre на летната школа на ФАД.
- Во периодот од 2013 до денес бил Ментор на магистерски труд тројца студенти од областа архитектура.
- Во периодот од 2013 до денес членувал во 12 комисии за одбрана на магистеерски труд.
- Во периодот од 2013 до денес членувал во 3 комисии за одбрана на докторска теза.
- Бил во организациониот одбор на ФАД во подготвување и реализирање на годишниата студентска изложба на Факултетот за архитектура и дизајн, 2013/2014; 2014/2015; 2015/2016; 2016/2017.

**Учество на семинари:**
- Учествува на меѓународнaта конференција организирана од УАКС во 2014 со трудот: *Significance of Adolph Appia in Contemporary Theatrical Space in EU and Ma*cedonia.

**Научни публикации:**
- Автор на научниот труд: *Значењето на иконостасот во развојот на каонцептот на западниот театар - театарот како храм на уметноста*, 2013, во списанието *Историја*, Здружение на историчарите на Република Македонија, Скопје.

**Стручно-уметничка дејност**

- изработка на графички дизајн и уредување на книгата *Декани (1947-2012),* 2013, УКИМ, Медицински факултет - Скопје.
- изработка на сценографско решение за театарска претстава *Ждрело* (Д.Т.С.), 2014, режија Зоја Бузалковска.
- изработка на сценографско решение за театарска претстава *Нешто пропуштаме* (Театар на комедија - Скопје), 2015, режија Бојан Трифуновски.
- изработка на сценографско решение за театарска претстава *Среќна нова година* (Турски театар - Скопје), 2018, режија Бојан Трифуновски.
- изработка на дизајн за плакат и програм за театарската претстава *Среќна нова година* (Турски театар - Скопје), 2018, режија Бојан Трифуновски.

Последната извршената евалуација за академската 2017/2018 година на наставно-педагошката дејност на Универзитетот, покажува дека д-р Љупчо Јованов има позитивна евалуација и тоа:

| Предмет | Теорија и историја на архитектура, уметност и дизајн 3 | Материјализација | Дизајн на урбана опрема |
|---|---|---|---|
| Оценка од евалуација | 67% | 92% | 90% |

Покрај професионалното работење на полето на архитектурата и театарската уметност, истовремено работи и во областа на графичкиот дизајн. Со постојани професионални ангажмани и во областа на сценографијата и дизајнот Љупчо Јованов е активно

присутен на сцената како висок професионалец, за што е наградуван повеќепати.

***Оштествена дејност***

- Автор на книгата раскази *Тотемски жртви*, 2014, Темплум, Скопје.
- Добитник на наградата „Конкурс откуп на најдобар драмски текст" 2015, со драмскиот текст *Хенгинг Араунд*.
- Автор на драмски текст *Хенгинг Араунд*, објавен во *Современа македонска драма*, ур. Јелена Лужина, 2016, МТФ Војдан Чернодрински, Прилеп.
- Член на жири комисија во 2107 за конкурсот Trash for Art (уметнички творби од амбалажен отпад) организиран од Пакомак.

Во рамки на УАКС и ФАД член е на Организационен комитет на традиционална Годишна изложба на студенти на ФАД. Во рамки на ФАД преку серија предавања во рамки на останатите предмети од додипломски како и постдипломски студии, ја дава сложената контекстуална поврзаност на архитектурата, јавниот простор и театарот во современото општество.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека доц. д-р Љупчо Јованов искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Доц. д-р Љупчо Јованов своето делување во образованието и во релациите со околината ги темели врз етичноста, хуманоста и прифатените високи професионални, уметнички и педагошки критериуми. Комисијата го истакнува неговиот стремеж и придонес во иновирањето на наставата во текот на изминатите академски пет години, работејќи како наставник на група предмети од областа на архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за архитектура и дизајн. Јованов на актуелните образовни тенденции им дава личен белег и наставата ја придвижува кон главните текови на архитектонското образование денес.

Ценејќи го сето предходно наведено, Рецензентската комисија со особена чест и со задоволство му предлага на Наставно-научниот Совет на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ колеџ во Скопје, кандидатот доц. д-р Љупчо Јованов, согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и наставно-стручни звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје и Законот за високо образование, да биде избран во звање *вонреден професор*, за група предмети од областа на архитектура, урбанизам и планирање.

Скопје, 06.06.2018

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

Проф. д-р Мишко Ралев, претседател

Факултет за архитектура и дизајн, Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. м-р Викторија Еремеева, член

Факултет за архитектура и дизајн, Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. д-р Мартин Гулевски, член

Архитектонски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје (професор во пензија)

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323